Врз основа на член 30 став 1, алинеја 3 од Законот за трговија (" Службен весник на Република Македонија " бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА И БРАШНО ОД ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА

**Член 1**

Во Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица и наполица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 70/20), по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

**"Член 1-а**

Извозот на брашно од пченица и наполица во текот на еден месец се ограничува во висина од 70 проценти од вкупно произведената количина на брашно од пченица и наполица во претходниот месец.

Ограничувањето од ставот 1 на овој член, ќе се спроведува по пат на издавање на дозволи од Министерството за економија преку едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки-ЕХИМ, под име на лиценца Е004 МЕ.

**Член 2**

Во членот 2 зборовите "ќе се применуваат до 30 април 2020 година" се заменуваат со зборовите: "ќе важи до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија"

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2831/1**
**3 април 2020 година**
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Оливер Спасовски